Весна Дунимаглоска

# ТАНЦУВАЧОТ

*Ангажираноста и успешноста на овој проект произлегуваат од спонтаната и непринудна активност на субјектите (децата), којашто од психолошки аспект, според Ерих Фром, е слободна активност на личното Јас и се надоврзува на латинскиот збор sponte, кој во буквален превод значи "по слободна волја".*

Проектот "Танцувачот" на **Весна Дунимаглоска**, претставен на 26 април во културната локација *Место* и *Степен галерија* во Скопје, е прво од петте претставувања во новата серија од програмските активности на здружението во рамките на "359 – EX-PO", којашто има за цел да ја претстави рецентната уметничка продукција во Македонија. Претставени се повеќе фотографии со различни димензии (отпечатени на плотер), коишто се дел од документација за активностите на Детскиот театарски центар во Скопје, поточно на нејзиниот уметнички ангажман во работата со деца. Тој се базира на постоењето предрасуди и конфликти уште кај најмладата популација, а активностите треба да резултираат со надминување на тие предрасуди. Предрасудите кои имаат различна провиниенција - социјална, општествена, културолошка - предизвикуваат недоверба кон сè и сешто, а пред сè кон другата генерација (возрасните). Според тоа, комуникацијата и запознавањето (прв чекор за надминување на предрасудите) со нив треба да биде остварено на некое "пониско ниво", во овој случај со помош на играта - како најадекватен начин за доближување до децата. Играта, сепак, навлегува подлабоко и посериозно во проблемот, таа има свој редослед, свои правила, можности за избор, повеќе решенија на проблемот, повеќе можности за реализација и, секако, огромен креативен потенцијал.





Фактот дека овој проект резултира од претходно реализираните активности, а не е замислен само како галериско дело, и не е толку важен. На прво место се идејата и нејзината реализација - кои го поттикнуваат креативниот "уметнички" начин за решавање на големиот број проблеми, без оглед на тоа дали размислуваме за уметнички проект или не. Решавањето на конфликтните ситуации подразбира подлабоко осмислување на психолошките фактори и започнува со воспоставување на веќе споменатата комуникација, на којашто се надоврзува уште еден битен сегмент - спонтаноста без која - што не може да се постигне никаква креативност и никаков резултат. Ангажираноста и успешноста на овој проект произлегуваат од спонтаната и непринудна активност на субјектите (децата), којашто од психолошки аспект, според **Ерих Фром**, е слободна активност на личното *Јас* и се надоврзува на латинскиот збор *sponte*, кој во буквален превод значи *по слободна волја*. Под *активност* не се подразбира "секое дејствување", туку она својство на творечката активност коешто може да дејствува врз нечии емоционални, интелектуални и сетилни доживувања, како и врз нечија волја. Основна премиса на оваа спонтаност е прифаќањето на севкупната личност и отстранување на расцепот меѓу "разумот" и "природата", бидејќи спонтаното дејствување е можно само ако не се потиснуваат битните делови на своето *Јас* и ако различните сфери на животот се суштински интерпретирани. Со други зборови, позитивната слобода (во овој случај - ослободувањето од предрасуди) се состои од спонтаната активност на севкупната, интегрирана личност. Во културни рамки, авторката на овој проект - како уметник - е еден од првите примери за спонтана единка, способна слободно да се изрази.





Освен овој писхолошки момент, кој во себе ги вклучува и социјалниот, културниот и општествениот, друг значаен момент на овој проект е и ангажираноста која Весна Дунимаглоска ја остварува на повеќе нивоа. Првото ниво на уметнички ангажиран пристап е нејзината конкретна активност - играта во којашто секое дете ја има улогата на "танцувач". Второто ниво е документацијата на оваа уметничка активност којашто се остварува надвор од изложбениот простор и, подоцна, нејзиното изложување во галеријата. Тоа подразбира еден вид "вадење на работите" надвор од нивниот природен контекст и нивно поставување во еден поинаков простор, со што проектот добива и ново, поинакво, "повисоко" уметничко значење и нов контекст. Третото или последно ниво на ангажираност - условно - може да се развие кај посетителот на изложбата, кој ќе се запознае со начинот на кој децата ги решаваат своите конфликти или предрасуди, наметнати и условени од различни ситуации, и ќе ја преземе улогата на "танцувачот", размислувајќи за осмислувајќи го својот сопствен креативен начин за решавање на проблемот.

*Маја ЧАНКУЛОВСКА*